# КУЌЕН РЕД НА УЧИЛИШТЕТО

- Наставата во училиштето за сите одделенија започнува во 8.00 часот
- Учениците десет минути пред почнувањето на наставата да бидат задолжително на своите места
- Дежурниот наставник пред почнувањето на наставата и за време на одморите излегува во ходниците и го контролира редот и дисциплината на учениците
- Доколку некој наставник е отсутен учениците не треба да губат часови. Дежурниот наставник прави распоред во кој ќе бидат вклучени дополнителната, додатната и другите активности.
- Наставниците се подготвуваат за час 10 минути пред почетокот на часот
- Дежурните ученици по одделенијата за инцидент, проблем и сл. Направен во одделението го известуваат дежурниот наставник кој е должен да го извести директорот, педагогот или раководителот на подрачното училиште
- За секоја направена штета во училницата или училиштето воопшто штетата ќе се надохнади  од страна на сторителот или целото одделение  во двојна сума од цената на вредноста на оштетениот предмет
- Одделенскиот раководител е должен да го открие сторителот и да преземе соодветни мерки
- Одделенските раководители се должни да им укажат на учениците дека за време на малите одмори без причина не треба да ја напуштаат својата училница
- Дополнителната, додатната настава наставниците ја најавуваат кај педагогот на училиштето или кај раководителот на подрачното училиште, кои пак треба за тоа да водат соодветна евиденција
- Дежурниот наставник треба да  се грижи и да го координира навременото пристигнување на учениците до превозните средства
- Учениците не треба да го злоупотребуваат носењето на мобилните телефони за време на наставата
- Одделенскиот раководител и учениците се одговорни за изгледот на училниците
- Хигиеничарите секојдневно да се грижат да создадат чиста и безбедна средина за учениците